20262033234

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 31 став 1 од Законот за управување со кризи („Службен весник на Република Македонија“ бр.29/05, 36/11, 41/14, 104/15, 39/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.215/21 и 124/25), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 1 септември 2026 година, донесе

# ОДЛУКА ЗА ПОСТОЕЊЕ НА КРИЗНА СОСТОЈБА ЗАРАДИ ЗГОЛЕМЕНИ РИЗИЦИ И ОПАСНОСТИ ОД ПОЖАРИ НА ОТВОРЕН ПРОСТОР И ШУМСКИ ПОЖАРИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Со оваа одлука се утврдува постоење на кризна состојба на целата територија на Република Северна Македонија, заради зголемени ризици и опасности од пожари на отворен простор и шумски пожари.

Мерките и активностите согласно утврдената кризна состојба ќе се преземаат на подрачјата од територијата на Република Северна Македонија кои се зафатени со кризната состојба и каде се манифестира причината од ставот 1 на овој член.

Член 2

Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука се активира Главниот штаб при Центарот за управување со кризи, кој ќе биде во постојано заседавање.

Главниот штаб при Центарот за управување со кризи во рок од 24 часа да подготви акциски план за превенција и справување со пожарите на подрачјата од членот 1 од оваа одлука, целосен преглед на расположливи човечки и материјално-технички ресурси, како и план за координирано дејствување на подрачјата на територијата на Република Северна Македонија кои се зафатени со кризната состојба.

Член 3

Органите на државната управа да преземат мерки и активности согласно прописите за управување со кризи.

Член 4

Постоењето на кризната состојба утврдена со оваа одлука ќе трае 30 дена, почнувајќи од 1 септември 2026 година.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 57-7116/3
1 септември 2026 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.